# ПОЛИТИКА
## на одржливи набавки



АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## на одржливи набавки

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, а на предлог на Надзорниот одбор во однос на неговата надлежност согласно член 203 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 19.12.2024 ја донесе следнава:

# Политика на одржливи набавки

## Вовед

Општествената одговорност, одржливоста и одржливиот развој за нас во АЛКАЛОИД АД Скопје се едни од врвните приоритети во работењето на компанијата и се високо позиционирани во нашата деловна стратегија и корпоративна култура.
Целта на оваа политика е да се воспостават насоки за одржливи практики за набавка и за управување со синџирот на снабдување, кои се усогласени со нашата посветеност за управување со заштитата на животната средина, општествената одговорност, со економската одржливост, политиката за безбедност и здравје при работа и со благосостојбата на вработените.
Со придржувањето до оваа политика ние го минимизираме негативното влијание на нашите активности за снабдување врз животната и врз работната средина, како и врз нашите вработени и општеството, а истовремено поттикнуваме долгорочни позитивни односи со нашите добавувачи, поддржуваме социјална еднаквост и придонесуваме за економска благосостојба на сите засегнати страни.
Нашиот синџир на снабдување се темели на највисоките етички стандарди и принципи на фер однесување во деловните односи, како и на интегритетот и чесноста на нашите вработени при извршувањето на секојдневните операции.

Оваа политика е доказ за јасната визија, лидерството и посветеноста на врвното раководство кон целите и принципите на одржливост и на одржлив развој.

Службата *Снабдување*, како дел од одделот *Логистика* – Корпоративни служби, како и одделот *Снабдување Фармација* (АПИ, ексципиенти и финално дозирани форми), но и сите корпоративни делови што повремено/периодично вршат снабдување со материјали и услуги во својот домен на работа, се тимови сочинети од високопрофесионален и стручно обучен кадар, кој ги следи и ги применува најновите светски трендови, практики и меѓународни стандарди во областа на набавките.

## Начела и принципи при процесот на снабдување со материјали и услуги:

- **Кодот за однесување на добавувачите на АЛКАЛОИД АД Скопје** – корпоративен документ што јасно ги опишува нашите очекувања од усогласувањето на активните добавувачи, но и на сите наши потенцијални бизнис-партнери, со принципите на одржливост во нашиот синџир на снабдување.

- **Животната средина, етиката и социјалните фактори** – збир на начела и принципи кои ние во АЛКАЛОИД АД Скопје секогаш ги земаме предвид при донесување стратешки, но и оперативни одлуки за набавка на материјали, опрема или услуги.

- **Животната средина** – вклучувањето на еколошката одржливост во практиките за набавки е од суштинско значење за намалување на нашиот еколошки отпечаток. При процесот на набавка избираме добавувачи кои работат на еколошки одговорен и одржлив начин и чии цели се однесуваат на намалување на влијанието врз животната средина од производите и услугите што ги набавуваме.

- **Безбедноста и здравјето при работа** – во процесот на набавка секогаш промовираме избор на безбедни материјали и опрема и ги охрабруваме добавувачите да применуваат добри безбедносни практики интегрирани во системот за управување со ризици во процесот на снабдување, што има директно влијание за поздрави и побезбедни работни места.
- **Недискриминацијата и промовирањето различност, еднакви можности и инклузија** – во процесот на снабдување со материјали и услуги ние во АЛКАЛОИД АД Скопје секогаш се водиме според принципите на еднакви можности и недискриминација на бизнис-партнерите на која било основа. АЛКАЛОИД АД Скопје промовира доверба, транспарентност, објективност и партнерски односи со сите свои добавувачи.
- **Забрана за злоупотреба на детски труд и млади лица** – Во синџирот на снабдување со материјали и услуги, сите наши активни добавувачи како и сите нивни добавувачи и друг вид на соработници, обезбедуваат и гарантираат целосна забрана за злоупотреба на детски труд и млади лица. Тие принципи се темел на заштита на човековите права и осигурување дека синџирите на снабдување се праведни, одговорни и усогласени со меѓународните стандарди.
- **Забрана на модерно ропство** – соработуваме со добавувачи што недвосмислено ги почитуваат своите вработени, се грижат за нивната благосостојбата и не поддржуваат и не применуваат: принудна работа, должничко ропство, трговија со луѓе, принудна работа од затвореници и други форми на трудова експлоатација за кои е заедничко лишување од слобода за да се искористи за лична или комерцијална корист.
- **Соработката со сериозни и доверливи добавувачи** – ние во АЛКАЛОИД АД Скопје соработуваме со сериозни и доверливи добавувачи, подизведувачи и изведувачи, како и друг вид соработници кои применуваат соодветни стандарди во својата област на работење и покажуваат висок рејтинг и перформанс на полето на одржливоста и одржливиот развој.
- **Договорите со добавувачите на материјали и услуги** – користиме механизми и алатки што се применуваат во насока на обезбедување правна сигурност и усогласеност со законските прописи и со внатрешните акти заради спречување или намалување на ризиците за обете страни. Правата и обврските на АЛКАЛОИД АД Скопје и правата и обврските на добавувачите на материјали и услуги при процесот на снабдување се детално опишани во договорите за соработка, техничките договори и во договорите за квалитет.
- **Локалните добавувачи** – нашата зголемена соработка со локалните добавувачи и споделувањето на најдобрите бизнис-практики при реализација на заеднички проекти и програми позитивно влијаат врз заедничкиот развој на компаниите и на заедницата во целост. Придобивките од тие практики исклучително придонесуваат и за намалување на емисиите на CO2 во воздухот, за намалување на трошоците за транспорт и за оптимизирање на целиот синџир на снабдување.
- **Следењето на напредокот на добавувачите** – контрола и следење на напредокот на полето на општествената одговорност и на одржливоста на добавувачите на материјали и услуги се прави преку обуки, прашалници, периодични проверки, преку извештаи од проверките, акциски планови и анализа на состојбите кај добавувачите, нивно рангирање, како и, по потреба, преку асистирање при поставување и следење на нивните клучни индикатори на усогласеност од областа на одржливоста.
- **Управувањето со ризици и континуитет во работењето** – во нашиот синџир на снабдување е воспоставен систем за идентификација, проценка и за справување со ризици. Следењето на ризик-факторите и нивното влијание врз работењето на добавувачите придонесува за намалување и за елиминирање на евентуалните штетни последици врз континуитетот на работењето на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## Наши водечки критериуми при изборот на добавувач за соработка се:

- **Квалитет** поддржан со поседување и со одржување сертификати за меѓународни стандарди/водичи во областа на работење (GMP, GDP, ISO 9001, ISO 14001, ISO 45001 и други)
- Сериозен пристап спрема **животната средина**, континуирано намалување на влијанијата врз животната средина и контрола на емисиите во воздухот, почвата и во водата.
- Грижа за **безбедноста, здравјето и за благосостојбата** на вработените.
- Висока свесност за **енергетскиот менаџмент**, користење обновливи енергетски извори и стремеж кон енергетска независност.
- Користење **рециклирани или биоразградливи** пакoвни и други материјали, опрема и резервни делови.
- Отворен пристап спрема **оптимизирање** на начинот на пакување на испораките и спрема оптимизирање на транспортните рути.
- **Континуирано подобрување** на партнерскиот однос со добавувачите и со учесниците во синџирите на снабдување и на дистрибуција.

Оваа политика е во согласност со Политиката за интегриран менаџмент-систем, со Политиката за општествена одговорност и со сите сродни политики на АЛКАЛОИД АД Скопје.

## Примена на Политиката

Оваа Политика се применува на сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје во државата и во странство.

Капитално поврзаните друштва на АЛКАЛОИД АД Скопје се должни, во рок од дванаесет (12) месеци од стапувањето на сила на Политиката, да донесат Протокол за примена на Политиката и да го прилагодат нормативниот текст на оваа Политика кон статусните услови и околности на нивното корпоративно функционирање.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ